ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
CHESS FEDERATION OF MACEDONIA
Skopje 1000, sala KK Rabotnicki bb, Macedonia tel +389 2 3166 305 fax +389 2 3220 750 e-mail: chessmkd@mt.net.mk

Шаховска Федерација на Македонија

Број 22-25/ март 19, 2025 година

ЗАПИСНИК

Од седницата на Собрание на Шаховската Федерација на Македонија, одржана на ден 19 март 2025 година во просториите на хотел Континентал во Скопје, со почеток во 18:30 часот со следниот

Предлог ДНЕВЕН РЕД

1. **Отворање на седницата**
   Формирање на верификациона комисија и тоа:
   - Секретарот на ШФМ, претседател на комисија
   - Претседателот на Надзорниот одбор или негов член како член на комисија,
   - Претставник од УО на ШФМ, како член на верификационата комисија

   Избор на работно претседателство
   Избор на кандидациона комисија
   Избор на записничар и двајца заверувачи на записникот
2. **Усвојување на Дневен Ред за работа на Собранието на ШФМ**
   Предлог Дневен ред за работа на Собранието на ШФМ
3. **Извештај за работата во 2024 година**
   a. Извештај на Претседателот
   b. Натпреварувачки Извештај (Државни, Меѓународни и останати турнири)
   c. Извештај за Европското Индивидуално првенство во Блиц, Рапид и Рандом шах 2024, како и за Скопје ОПЕН 2024.
4. **Финансиски извештај за 2024 година**
   Презентација и усвојување на финансиските извештаи за 2024
5. **Усвојување на оставката на Претседателот на ШФМ**
6. **Избор на Претседател на ШФМ**
7. **Избор на членови на органите на ШФМ**

- **Управен Одбор**
- **Надзорен Одбор**

8. **Усвојување на Календарот за 2025**
9. **Разно**

Присутните ги поздрави и Седницата ја отвори Претседателот на Шаховската Федерација на Македонија Саша Богдановиќ.
Со оглед на трагичниот настан во Кочани, Претседателот ја отпочна седницата со едноминутно молчење во чест на загинатите во Кочанската трагедија.

Точка 1

Формирана беше верификациона комисија од 3 члена во состав Марјан Митков, Зоран Стојчевски, Никола Димовски.

Верификационата комисија се повлече и по кратко разгледување на поднесените полномошна и тековните сметки од клубовите, констатира присутност на 30 делегати со уредни документи од вкупно 31 возможни клубови со право на глас, согласно актуелниот Статут на ШФМ. Клубот Струга беше со неактивна регистрација во Централниот регистар на Република Македонија, па немаше право на глас. Собранието на ШФМ беше отворено и на истото покрај делегатите со право на глас присуствуваа и членови на УО, шахисти, истакнати шаховски работници и други кои ја следеа седницата и можеа да дадат свои коментари и предлози.
Никола Димовски коментираше во иднина ШФМ да има истакнато листа на активни клубови кои имаат право на глас пред распишување на Собранието на што се надоврза Зоран Стојчевски со објаснување дека тоа е секако добро, но дека ШФМ јавно ги објавува своите лиги и натпревари и учесниците во истите во годишните извештаи и на шаховскиот интернет сајт, chess results, со што се обезбедува доволно високо ниво на транспарентност.
Понатаму како работно претседателство беа избрани Претседателот Саша Богдановиќ, секретарот Марјан Митков и Мирослав Кузмановски од Гостивар кои беа изгласани со 18 гласа ЗА, 10 Против и 2 Воздржани
За записничар е избран Марјан Митков како Секретар на ШФМ а за заверувачи на записникот беа избрани Александра Гакидова и Зоран Стојчевски со 17 гласа ЗА, 12 Против и еден Воздржан.
За Кандидационата комисија беа предложени првично Зоран Попчевски, Трајко Недев и Ѓорѓиоски Дејан но делегатите не го прифатија овој предлог затоа што само 14 гласаа ЗА, 15 Против и 1 Воздржан
Предлогот за кандидациона комисија во состав Агим Шемшији, Марјан Митков и Ѓорѓи Миновски беше прифатен со 18 гласа ЗА, 11 Против и 1 Воздржан.

Во прилог е списокот од 30 делегати кои имаа право на глас на собранието :

1. **Никола Димовски (Ш.К. Алкалоид)**
2. **Зоран Стојчевски (Ш.К. Гамбит Ассеко-СЕЕ)**
3. **Љубиша Андоновски (М.Ш.К. Центар)**
4. **Мирсада Бакиќ (Ш.К. Дамин Гамбит)**
5. **Сања Трајковска (Г.Ш.К. Куманово-1)**
6. **Бесник Ибрахими (Ш.К. ТЕУТА)**
7. **Агим Шемшији (Ш.К. Фишер)**
8. **Мирослав Кузмановски (Ш.К. Гостивар)**
9. **Благој Ситновски (ШК Кочани)**
10. **Александар Јефтимов (Ш.К. Цареви Кули)**
11. **Шпенд Салихи (Ш.К. Шкендија)**
12. **Главинац Горан (Ш.К.Карпош)**
13. **Рамиз Дема (Ш.К. Шкупи)**
14. **Азиз Мамути (Ш.К. Шах- Мат Градец)**
15. **Зоран Костадиновски (Ш.К. 4ти Ноември)**
16. **Влатко Ситновски (Ш.К. Каменица САСА)**
17. **Марјан Митков (Ш.К. Капабланка)**
18. **Оливер Дејановски (Ш.К. Тим Анпасан)**
19. **Николче Филипов (Ш.К. Бафет)**
20. **Перо Танчев (Ш.К. 7 ми Ноември)**
21. **Трајко Недев (Ш.К. Неготино)**
22. **Јосип Димитровски (Ш.К. Стево Патако)**
23. **Наџмедин Имери (Ш.К. Анпасан)**
24. **Марјан Дамчески (Ш.К. Пелагон)**
25. **Зоран Попчевски (Ш.К. Шах-Шех)**
26. **Пеце Богдановски (Ш.К. Штајниц)**
27. **Насев Емил (Ш.К. Нов Напредок)**
28. **Дејан Ѓорѓиески (Ш.К. Прилеп)**
29. **Јовица Николовски (Ш.К. Гази Баба 1976)**
30. **Кире Николоски (Ж.Ш.К. Прилеп)**

Ш.К. Ласкер- Охрид немаше претставник

Точка 2

Претседателот на ШФМ ја отвори дискусијата за усвојување на дневниот ред.
Никола Димовски предложи точката за Календарот на ШФМ да не се разгледува на ова Собрание и истиот да се остави на разгледување и усвојување на УО на ШФМ.
Од страна на претставникот на Ш.К. Гамбит АССЕКО СЕЕ Зоран Стојчевски беа предложени две точки како надополнување на дневниот ред и тоа:

1. Измени на Статутот во член 18 со цел појаснување кои членки имаат право на глас
2. Усвојување на мерки за обезбедување средства за помош и организација на турнири во чест на загинатите во трагичниот настан во Кочани

Претседателот предложи Точката за измена на Статутот да влезе како 3, а другите да се поместат, додека точката за трагичните настани во Кочани да се разговараат под разно, за што предлагачот се сложи.
Никола Димовски предложи точка за усогласување на Деловникот за работа на Собрание затоа што членот 1 од Деловникот се разликува од членот 18 од Статутот во делот на тоа кој има право да гласа на Собранието, со предлог членот 1 од Деловникот, комплетно да се замени со член 18 од Статутот.
По сите дадени предлози, Претседателот го стави на гласање новопредложениот дневен ред со дополнување на точките за Измена на статут и Усогласување на деловникот како точка 3 и 4, а сите други да се поместат, со исфрлање на точката за Календарот на ШФМ.
Дневниот ред беше усвоен со 28 гласови ЗА и воздржани 2.
Усвоениот Дневен ред во конечна форма изгледа вака:

ДНЕВЕН РЕД

1. **Отворање на седницата**
   Формирање на верификациона комисија и тоа:
   - Секретарот на ШФМ, претседател на комисија
   - Претседателот на Надзорниот одбор или негов член како член на комисија,
   - Претставник од УО на ШФМ, како член на верификационата комисија

   Избор на работно претседателство
   Избор на кандидациона комисија
   Избор на записничар и двајца заверувачи на записникот
2. **Усвојување на Дневен Ред за работа на Собранието на ШФМ**
   Предлог Дневен ред за работа на Собранието на ШФМ
3. **Измена на Статут член 18**
4. **Усогласување на Деловникот за работа на Собрание со Статутот**
5. **Извештај за работата во 2024 година**
   a. Извештај на Претседателот
   b. Натпреварувачки Извештај (Државни, Меѓународни и останати турнири)
   c. Извештај за Европското Индивидуално првенство во Блиц, Рапид и Рандом шах 2024, како и за Скопје ОПЕН 2024.
6. **Финансиски извештај за 2024 година**
   Презентација и усвојување на финансиските извештаи за 2024
7. **Усвојување на оставката на Претседателот на ШФМ**
8. **Избор на Претседател на ШФМ**
9. **Избор на членови на органите на ШФМ**
   - **Управен Одбор**
   - **Надзорен Одбор**
10. **Разно**

Точка 3

Претседателот Саша Богдановиќ ја отвори дискусијата за членот 18 од Статутот на ШФМ.
Зоран Стојчевски даде два предлога:

1. Во делот каде се регулира настапот на клубот две години во континуитет да се преформулира во последните две години
2. Да се стави нов параграф каде се регулира дека за да има право на глас клубот мора да има платено членарина во последните две години.

По мала дискусија од повеќе делегати и нивни предлози, Претседателот го стави на гласање првиот предлог третиот параграф од членот 18 од Статутот каде се регулира настапот на клубовите во системот на натпревари.
"

- *клубот да има настапено и во двете последни завршени годишни сезони во системот на екипни сениорски лиги организирани од ШФМ. Под завршена годишна сезона се подразбира период во кој се одржани сите лиги предвидени во системот на натпревари на ШФМ.*

"

Собранието го изгласа со 20 гласа ЗА, 4 гласа против и еден воздржан

Понатаму Претседателот го стави на гласање вториот предлог за дополнување на член 18 од Статутот со следниот текст
"

- *клубот што ги има платено во целост клупските членарини спрема ШФМ за последните две години најдоцна до првиот ден од годината кога се одржува Собранието*

"

Предлогот беше изгласан со 22 гласа ЗА, воздржани 6

Членот 18 од Статутот сега изгледа вака:
"

Собранието на ШФМ (во натамошниот текст Собранието) е највисок орган.
Членови на Собранието со право на глас (Делегати) се претставници на шаховските клубови кои ги исполнуваат следните услови:
- *имаат регулирана активна регистрација во Централен Регистар на Република Северна Македонија*
- *имаат валидна спортска лиценца издадена од владата на Република Северна Македонија (Агенција за Млади и Спорт), со датум на издавање постар од три години од денот на одржување на Собранието или со датум на издавање пред 01.01.2024 година*
- *клубот да има настапено и во двете последни завршени годишни сезони во системот на екипни сениорски лиги организирани од ШФМ. Под завршена годишна сезона се подразбира период во кој се одржани сите лиги предвидени во системот на натпревари на ШФМ.*
- *клубот што ги има платено во целост клупските членарини спрема ШФМ за последните две години најдоцна до првиот ден од годината кога се одржува Собранието*

Претседателот на ШФМ со активен мандат е член на Собранието со право на глас.

Придружни членови на Собранието, кои може да учествуваат во работата на Собранието да даваат свои предлози, но без право на одлучување се:
- *Претставници на клубови членки на ШФМ*
- *Претставници на здруженија на граѓани, сојузи и трговски друштва кои се занимаваат со дејност шах*
- *Заслужни шаховски работници*
- *Поканети гости*

Секој Делегат на Собранието мора да има полномоштво за учество во Собранието заверено од овластено лице на клубот со потпис и печат од клубот што го претставува.
Еден Делегат може да претставува само еден клуб т.е. има право само на еден глас. Делегатите на Собранието ги имаат сите права дадени со Статутот и нормативните акти на ШФМ за работа на Собранието.

"

Понатаму низ дискусија беа давани разни предлози но на крај сите дадени предлози беа повлечени од предлагачите.

Точка 4

Претседателот ја отвори точката за измени и усогласување на Деловникот за работа.
Лидија Софревска го повтори предлогот од Никола Димовски да се усогласи односно преслика член 1 од деловникот со текстот од член 18 од Статутот. **Со 28 гласа ЗА се усвои овој предлог.**
Имаше дискусија околу начинот на формирање на верификационата комисија за следните Собранија. Зоран Стојчевски предложи комисијата да се формира, а да не се бира, затоа што на почетокот на Собранието не може да се избира од проста причина што мандатите на делегатите не се верификувани. Предложи да биде пред дефинирана со претставници од Надзорниот, Управниот Одбор и Секретарот на ШФМ. Лидија Софревска предложи да се формира од било кој член без оглед на тоа дали има право на глас. Горан Главинац предложи да се зголеми бројот на комисијата. Претседателот предлагаше да биде секогаш на предлог на Претседателот. Благоја Ситновски објасни дека постојната формулација е сосема ок и во комисијата треба да учествуваат членови на Собранието, затоа што тоа е тело кое што треба да констатира нешто што е јасно дефинирано во Статутот.
Во интерес на времето предлозите беа повлечени и немаше промени во Деловникот во тој сегмент.

Точка 5

Претседателот на Шаховската Федерација на Македонија направи осврт на работењето на ШФМ во 2024 година. Во своето излагање каде детално ги наброи сите настани и достигнувања на ШФМ во 2024 година, тој ја образложи својата оставка која што веќе им беше доставена како изјава на делегатите.
Претседателот потенцираше дека ШФМ успешно ги организираше сите настани од системот на натпревари каде ги нагласи:

- Настапот на Олимпијадата,
- Проектот шах во школи и зголемениот број на деца што играат шах како и бројот на обезбедени шаховски табли за училиштата низ Македонија
- Добиено од ФИДЕ и организирано Светско Сениорско Првенство во хотел Изгрев Струга во 2023 како и Европското првенство во Блиц, Рапид и Фишер,
- Организацијата на Скопје ОПЕН 2024.
- Соработката со локалната самоуправа, изградбата на шаховски паркови
- Соработката со реалниот сектор и нивната поддршка на шахот

Ја истакна својата добра соработка со сите клубови особено неговото медијаторство во изминатите години со т.н. опозициски клубови со кои имал многу средби состаноци и дискусии.
Потоа се осврна на финансирањето и соработката со Министерството за Спорт за што истакна дека имал многу состаноци и средби меѓу другите и со Министерот за Спорт. Но поради, како што нагласи "личното" недоразбирање кое настанало меѓу него и Министерството и од причини што не сака да биде пречка за понатамошното делување и развој на ШФМ како и на соработката на ШФМ со Министерството за Спорт од етички и морални причини ја поднесува оставката на местото Претседател на ШФМ.
Се јави Тони Кироски со прашање за обезбедената просторија, за меѓучовечките односи и неговата поддршка во неколку наврати на Претседателот наспроти членовите од УО како и други негови согледувања.
Претседателот му одговори дека и покрај сите напори за жал не успеал значајно да ја подобри таа ситуација, а што се однесува до просторијата дека се преговара со одредени донатори за санација на просторијата која за жал и беше доделена на ШФМ во руинирана состојба.
Претседателот одговараше во детали на прашања поставени од Трајко Недев за начинот на комуникација со Министерството за Спорт како и за дадените гаранции за организација на Европското првенство.
Никола Димовски изнесе лични согледувања околу изјавата на Претседателот, на што Александра Гакидова одговори да се нагласи дека УО не стои зад изјавата на Претседателот и да престане да инсинуира и претпоставува работи што него му се допаѓаат, а немаат никаква врска со реалноста.
Претседателот уште еднаш нагласи дека неговата изјава е негово лично гледиште и личен чин.

Рамиз Дема се осврна на претходните коментари на Тони Кироски и нагласи дека злонамерните поделби на членови кои се повеќе шахисти од други кои се помалку шахисти, како и поделби по други основи воопшто не придонесуваат за заложбите за единство на ШФМ.

Потоа се прејде на гласање по усниот извештај на Претседателот кој се усвои со 16 гласа ЗА, 2 Против, 3 Воздржани.

Беа презентирани и натпреварувачките извештаи за домашните и меѓународните натпревари од Секретарот Марјан Митков.

Зоран Стојчевски ги нагласи достигнувањата на овој УО со проектот Шах во Школи и објавата на студијата на веб страната на ФИДЕ, златната медала за основното училишта Јахја Кемал, како и успешните организации на Европското Првенство во Блиц и Рапид и по прв пат Европско во т.н. рандом Фишеров шах, каде настапија 450 играчи од 39 земји. Исто така беше организиран силниот Скопје ОПЕН 2024 со скромни средства заедно во соработка со ШСГС. Нагласи дека овие луѓе од УО само за последните 4 години организирале 2 европски (ЕЦЦЦ 2021 и ЕИРБЦЦ 2024), едно светско натпреварување 2023 година, 3 силни ОПЕН-и, 2 судиски семинари (2022 и 2023), а во минатото како шаховски работници и едно светско првенство во проблемски шах (2018 год), 2 европски (ЕЦЦЦ 2015 и ЕИРБЦЦ 2018), 10 силни ОПЕН-и, тренерски семинар(2018 год) како и многу рапиди и други шаховски настани. Истакна понатаму дека споредбата за активност направена од Кироски со неговата организација на неколку рапид турнири е бесмислена.

Стојчевски ги нагласи и општите достигнувања во шахот низ споредба со 2014 година кога ШФМ беше водена од сегашната опозиција и кога ШФМ беше со блокирана сметка, кога имаше само 6 активни клубови, 30 тина деца на младинските првенства и триесетина играчи на отвореното државно првенство, за разлика од денес кога има 35 активни клуба, 250 деца на младинските првенства повеќе од 10 шаховски школи низ цела Македонија и повеќе од 100 играчи на државното првенство.

Извештаите беа прифатени со 19 гласа ЗА, 2 Против и 5 Воздржани.

Точка 6

Претседателот премина кон презентација на финансиските извештаи. Се осврна на процесот на буџетирање на ШФМ на почетокот на годината, каде нагласи дека заради намалениот прилив на средства од Министерството за Спорт оваа година е направена дупка во буџетот на ШФМ. Објасни дека има повеќе од 50,000 ЕУР донации по разни основи во ШФМ со што е успеано да се организира се од програмата, но секако дека средствата од Министерството фалат за да се подмират сите обврски. Нагласи дека баш од тие причини ја дава својата оставка за да предизвика позитивна реакција кај структурите на општеството.

Лидија Софревска праша дали сите обврски на ШФМ се наведени во извештаите, затоа што има информации за неплатени обврски спрема репрезентативците и рејтинг офицерот, секретарот и судии. Ја искажа нејзината загриженост како би се сервисирале постоечките долгови имајќи во предвид дека дури и Министерството да почне да дава пари ќе ги дава наменски и ќе биде тешко од истите да се решаваат постојните стари обврски.

Се јави Оливер Органџиев за збор и потенцираше за обврските спрема него за судење на првенства од 2023 и 2024г.

Горан Главинац оцени дека финансиската состојба не е добра иако во изминатиот период се организирани многу успешни европски и светски првенства, цени дека тие се причина за жал не за развој, туку напротив за раздор поради различното лично разбирање на одредени поединци.

Никола Димовски цени дека во последните години приходите растат континуирано, како и обврските и идниот УО ќе процени дали и што било корисно или не, но истовремено затоа треба да се има единство во ШФМ и на чело да дојде човек кој ќе го обезбеди тоа единство и со своите контакти стабилно финансирање.

Александра Гакидова се сложи со Димовски дека во ШФМ треба да има единство, но напомна дека токму тука на ова Собрание поделбите доаѓаат од луѓе блиски до него на тоа кој бил поголем шахист од друг, кој од каде доаѓал и колку години играл шах.

Зоран Стојчевски објасни дека приходите значајно се имаат зголемено од проста причина што Европското се организира преку сметката на ШФМ, но дека затоа треба да се гледаат и расходите кои се значајно поголеми од истите причини. Потешкотиите со финансирањето ги образложи повеќе како објективен проблем поради изборите во државата кои беа организирани на сред година и трансформацијата од неколку месеци после изборите на АМС во Министерство за Спорт и донесување на правните акти за постоење на истото. Изрази верување дека во иднина ќе се видат правите ефекти од трансформацијата и успесите на Министерството за Спорт.

Нагласи дека ШФМ доби јавно многу пофалби од ЕКУ и од сите официјални лица на Европското и ОПЕНот, како и за успешна организација со многу скромен буџет двојно помал од стандардните буџети на другите

федерации. И одговори на Лидија Софревска дека сите трошоци за Европското и ОПЕН Скопје се исплатени и дека ШФМ должи само на судиите за 2024 година за настаните во организација на ШФМ, како и за хонорарите на Олимпијците и уште два турнира од 2023 година. Уште еднаш ја нагласи довербата на ЕКУ и ФИДЕ во ШФМ со доделување на вакви настани затоа што се задоволни од организацијата на ШФМ. Ги нагласи достигнувањата на спонзорства од реалниот сектор и потпишување на договори по проекти неколку години по ред и дека долговите ќе се санираат делумно од донации од реалниот сектор, а делумно од приливи од Министерството за Спорт.

Трајко Недев постави прашања за разликата помеѓу приливите наспроти поголемите трошоци на што Претседателот одговори дека главната разлика е заради намалениот прилив од Министерството.

Стојчевски додаде дека од сите Европски и Светски првенства организирани во Македонија е создаден имот на ШФМ со кој сега се играат првенствата и турнирите во Македонија. Купени се часовници табли за пренос во живо итн. Сега членовите на УО донираат средства, даваат позајмици за разлика од порано кога бахато се трошеа средства, како на пример во 2019 кога се потрошени без објаснување, од страна на тогашниот секретар на УО Лидија Софревска, 10,900 ЕУР (свифтот во прилог) и кога покрај донација од АМС од околу 180,000 ЕУР во период од две години парите се потрошија во целост без да се купи ниту една табла ниту еден шаховски часовник. Нагласи дека судиските хонорари се зголемени и нема да девалвираат и сите во целост ќе се исплатат.

Емил Насев даде позитивни оценки за организацијата на Европското првенство, но запраша за трошокот на истото. Во извештајот стои околу 76000 ЕУР.

Стојчевски појасни дека кога ќе се земат вкупно сите обезбедени средства, наменски донации, членарини и сите земени трошоци, билансот е ~76000 ЕУР. Некои од овие пари се затворени со позајмица, а некои побарувања сеуште се отворени. Нагласи дека стои на располагање на било кој член на Собранието за повеќе детали.

Финансиските извештаи се ставија на гласање од кои 18 гласа ЗА, 6 Воздржани и 4 Против

Претседателот скрена внимание дека Александар Табаковски прави видео и тонски снимки иако Собранието донесе одлука за снимање на Собранието само за намена за записникот. Секретарот ги зема податоците од новинарот Александар Табаковски и Собранието продолжи со работа.

Точка 7

Претседателот премина на следната точка, Оставка на Претседателот.

Уште еднаш ги изнесе претходно изнесените причини за оставката и се премина на гласање:

Со 28 гласа ЗА и еден Воздржан беше изгласана Оставката на Претседателот.

Точка 8

Се премина на точката избор на Претседател на ШФМ.

По мала дискусија се заклучи Саша Богдановиќ да продолжи да го води Собранието но без право на глас затоа што веќе нема активен мандат.

Кандидационата комисија ги претстави кандидатурите за Претседател на ШФМ на Воислав Мерџаноски и Оливер Деркоски. Двајцата кандидати се претставија пред Собранието и се премина на тајно гласање со избирачка кутија.

Клубовите беа повикувани еден по еден и ги ставаа своите гласачки ливчиња во кутијата.

По детално пребројување едно ливче по ливче се добија следните гласови:

За Воислав Мерџаноски гласаа 18 гласа, додека за Оливер Деркоски 12 гласа.

Со овие резултати Собранието на ШФМ согласно Статутот на ШФМ го избра Воислав Мерџаноски од Гостивар за Претседател на ШФМ.

Точка 9

Се премина на точката избор на органи на ШФМ

Воислав Мерџаноски го предложи следниот Управен Одбор:

1. Воислав Мерџаноски – Претседател
2. Агим Шемшији – Потпретседател
3. Александра Гакидова – секретар на УО
4. Зоран Стојчевски
5. Сурија Таук
6. Мирослав Кузмановски

5. Сурија Таук
6. Мирослав Кузмановски
7. Влатко Ситновски
8. Рамиз Дема
9. Крсте Танчевски
10. Арлинд Јонузи
11. Иван Недев

Управниот Одбор беше избран со 18 гласа ЗА.
За Надзорен Одбор беа избрани со 17 гласа ЗА: Саша Богдановиќ, Даниел Ангеловски, Ѓорѓи Миновски

Точка 10

Во дискусијата под разно, Зоран Стојчевски предложи:

1. Да се направи годишен меморијален детски турнир по повод настанот во Кочани, викендот пред секој 16 март во годината
2. Да се направи донаторски турнир најкасно до 1 септември 2025, по можност пред младинското државно првенство. Датумот ќе се закаже по дополнителни консултации за пригодноста на истиот
3. Да се дефинира донаторска сметка на ШФМ – во УНИ банка сметката
4. ШФМ да помогне со финансирање на младинското првенство на децата од Кочанскиот регион

Предлозите беа ставени на гласање и со 18 гласа ЗА беа изгласани.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и Собранието на ШФМ заврши со својата работа во 23:55 часот

Записничар : Марјан Митков

Заверувачи
на записник: Александра Гакидова и Зоран Стојчевски

Собрание на Шаховска Федерација на Македонија

Претседател

ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ